АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО
NATIONAL EXTENSION AGENCY

AGJENCIONI PËR NXITJEN E ZHVILLIMIT TË BUJQËSISË
NATIONAL EXTENSION AGENCY

СТРАТЕШКИ ПЛАН

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ЗА ПЕРИОД 2024 - 2026 ГОДИНА

(Нацрт)

Битола, август 2023 година

Почитувани,



Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е институција која во континуитет креира и испорачува советодавни услуги за потребите на земјоделските стопанства во функција на практична примена на најсовремените научни и технички сознанија насочени според потребите на пазарот.

За таа цел го прифаќаме стратешкото планирање како дел од стратешкиот менаџмент во рамките на современото управување.

Тригодишниот развоен план на АПРЗ е резултат на учеството на сите вработени преку креирање на конкретни предлози и идеи кои помогнаа да се направи систематска анализа на внатрешното и надворешното опкружување во кое делува АПРЗ и евалуација на досегашните постигнувања. Системскиот пристап во рамките на анализата на постојната состојба во која работиме и делуваме во втората клучна фаза од процесот на стратешко планирање, ни послужи како силна аналитичка основа за утврдување на идентитетот на АПРЗ преку изјавата на нашата мисија и визија, како и одредување на нашите приоритети и цели кои сакаме и реално можеме да ги постигнеме во среден рок, во согласност со нашите капацитети и ресурси.

Реформските активности преземени од страна на АПРЗ кои се во согласност со владините препораки и насоки овозможуваат јасна дистинкција на правата и обврските на вработените, нивна отчетност преку воведување на систем за планирање, евиденција, мониторинг и евалуација. Со преземените активности се овозможува подобрување на меѓуинституционалната соработка регулирајќи ги меѓусебните права и обврски. Реформскиот процес овозможува континуирано подобрување на советодавната услуга и комуникацијата на советодавците со земјоделците.

Овој пристап е добра основа за креирање на програми и потпрограми, дистрибуција на расположиви финансиски и човечки капацитети и реално спроведливи програми и активности конзистентни со нашите и Владините приоритети и цели.

Јасната лоцирана одговорност за спроведувањето на секоја мерка и активност и однапред утврдената временска рамка во функција на планско и навремено извршување на конкретните мерки и активности во рамките на програмите и потпрограмите, ја обезбедува нашата потребна систематска посветеност и фокусираност на навистина приоритетни задачи. Надоврзувајќи се на сето ова, системот на мониторинг и евалуација како заокружувачка фаза од процесот на стратешкото планирање, ќе има силно влијание за планот да биде реално и во потполност спроведен, а воедно да биде транспарентен и отчетен документ како еден од основните начела и вредности во работењето на нашата институција, притоа запазувајќи ги основните предуслови за спроведување на активностите како што се ефикасност, ефективност, економичност, трнаспарентност и отчетност.

в.д. Директор / u.d.Drejtor

Xhemil Qamili

СОДРЖИНА:

ПОИМНИК 4
1.1. ВОВЕД 5
1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА 7
1.2.1. Анализа на внатрешна состојба 8
1.2.2. Анализа на правна рамка 8
1.2.3. Анализа на расположива инфраструктура 9
1.2.4. Анализа на финансиски ресурси - структура на буџет 10
1.2.5. Анализа на Човечки ресурси - структура на вработени 11
1.2.6. Анализа на областите на делување и на услугите кои се извршуваат 12
1.2.7. Анализа на засегнати страни 17
1.2.8. SWOT анализа 18
1.3. МИСИЈА 21
1.4. ВИЗИЈА 21
1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АПРЗ 21
1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ 22
1.7. СТРУКТУРА НА АПРЗ - ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ 23
1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ 27
1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АПРЗ 27
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА 29
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА 32
1.12. ПРОГРАМИ 36
2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 37
3. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 50
4. ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ 54
5. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ 55
6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ 55
УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЦИ 60
РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН 60
РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА 1 - СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ 61
РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА 2 - ФАДН 62
РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА 3 - ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ 62

ПОИМНИК

АПРЗ - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
АХВ - Агенција за храна и ветеринарство
ВРСМ - Влада на Република Северна Македонија
ВЦСУ - Виртуелен центар за советодавни услуги
ДЗП и ЗЖС - Добра земјоделска пракса и заштита на животната средина
ДЗС - Државен завод за статистика
ДК - Дисперзирана канцеларија
ДФЛ - Државна фитосанитарна лабораторија
ЕЛС - Единици на локална самоуправа
ЕУ - Европска Унија
ЗП - Земјоделски производители
ЗС - Земјоделски стопанства
ИКТ - Информациски и комуникациски технологии
ИПАРД - Инструмент за пред-пристапна помош (ИПА), петта компонента рурален развој (IPARD)
ИС - Информатички систем
ИТ - Информатичка технологија
МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МРР - Мрежа за рурален развој
МФ - Министерство за финансии
НПАА - Национална програма за усвојување на правото на Европската унија
НСЗРР - Национална стратегија за земјоделство и рурален развој
ПФПРР - Програма за финансиска поддршка во руралниот развој
РЕ - Работна единица
РО - Регионално одделение
СИЗП - Систем за идентификација на земјишни парцели
СП - Советодавни пакети
СУ - Советодавни услуги
УО - Управен Одбор
ФА - Функционална анализа
ФАДН - Farm Accountancy Data Network - Мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства

1.1. ВОВЕД

Процесот на стратешко планирање претставува механизам кој ѝ овозможува на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (во понатамошниот текст: АПРЗ) врз основа на претходно издржана анализа да ги утврди приоритетите, приоритетните цели и политиките во функција на нивно остварување во рамките на буџетскиот процес, со цел ефикасно да алоцира соодветни ресурси за нивно спроведување.

Аналогно на тоа, процесот на стратешкото планирање овозможува на систематски и структуриран начин да се анализираат, планираат, следат и евалуираат сопствените надлежности и обврски, предностите и недостатоците на институцијата, опкружувањето, развојот, политиките и програмите во соодветната област и резултатите и ефективноста на политиките и предвидените програми.

Стратешкиот план на АПРЗ претставува основен развоен план кој се однесува на плански период од три години и ги опфаќа сите аспекти на организација на работа, вклучувајќи ги и следните компоненти: мисија, визија, цели, стратегии и план за имплементација.

Стратешкиот план се заснова на реална и објективна спроведена оценка на состојбите на политички, економски, социјален и технолошки план, на политиките кои го дефинираат статусот на жените и мажите во општеството и придонесуваат кон родовата еднаквост, како и создадените нормативни рамки и расположливите човечки ресурси. Оценката на состојбите е резултат на однапред спроведените анализи на органот на државната управа (функционална анализа, СВОТ анализа и др.).

Овој основен развоен план е тесно поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување за период од три години и претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на програмите.

Методолошкиот пристап во подготвувањето на стратешкиот план се темели врз Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа, пропишан од Владата на Република Северна Македонија.

Услов за креирање на програмите и програмските активности се постоечките критериуми: законска рамка, расположиви капацитети, владините приоритети, но и потребите на крајните корисници - земјоделските стопанства.

При утврдувањето на приоритетите и целите земени се во предвид: стратешките приоритети и цели утврдени од Владата на Република Северна Македонија, анализата на состојбата во областа или областите за кои е надлежна АПРЗ, политиките содржани во усвоените секторски стратегии, мисијата и визијата на АПРЗ, реалната остварливост и видлива усогласеност на целите и севкупните капацитети на АПРЗ, потребата од транспарентност и отчетност за јавноста и мерливост на планираните резултати, со јасно утврдени начин и параметри за следење и оценување на напредокот од сите аспекти.

Програмите и потпрограмите содржани во стратешкиот план се подготвуваат во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели на

Владата на Република Северна Македонија, како и приоритетите и целите на АПРЗ.

За секоја програма и потпрограма се дефинирани цели кои се конкретни, остварливи, реални и мерливи и содржат временска рамка во која треба да бидат постигнати.

Секоја програма и потпрограма содржи план за спроведување во кој се утврдени конкретните мерки и активности, консултираните страни, роковите за спроведување, потребните финансиски и материјални средства, човечките ресурси и показателите за успешност на реализацијата.

Стратешкиот план содржи анализа на расположливите човечките ресурси неопходни за негово ефективно спроведување; согледување во однос на екипираноста, квалификациите, општите работни компетенции, знаењето и вештините на вработените; детална анализа на потребната обука и дообука, како и краток преглед на влијанието од спроведувањето на уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и принципот на еднакви можности на жените и мажите.

Стратешкиот план содржи мерки и активности за развивање на заедничките функции кои се од значење за севкупното функционирање на АПРЗ. Исто така, содржи анализа на ризици кои можат да влијаат врз остварувањето на приоритетите и целите, како и на програмите и потпрограмите во стратешкиот план.

Процесот на стратешко планирање се повторува секоја година, при што се ажурира стратешкиот план.

1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Во насока на зголемување на конкуретноста, поголемиот број на земјоделски стопанства треба да поминат преку процес на реструктуирање и модернизација, во насока на зголемување на производниот капацитет и примена на подобрени земјоделски практики и агро-технички мерки, кои ќе придонесат за зголемување на приносите и приходите, но со примена и практикување на стандарди за добри земјоделски и хигиенски пракси и заштита на животната средина.

Со цел подобрување на одржливото управување и вкупните перформанси на земјоделските стопанства и руралните бизниси неопходно е ефикасно и ефективно функционирање на националниот советодавен сервис, кој ќе обезбеди советодавни услуги за корисниците на националната земјоделска политика.

Овој сервис ги вклучува економските, еколошките и социјалните димензии во управувањето со земјоделските стопанства и земјиштето и ќе овозможи трансфер на информации за современите технолошки достигнувања и иновации од науката. Услугите поддржани од државата треба да им помогнат на земјоделците и другите корисници на поддршка од националната земјоделска политика да станат посвесни за односот помеѓу управувањето со земјоделските стопанства, управувањето со земјиштето и за примената на одредени стандарди, особено оние за животната средина и климата.

Понатаму, земјоделските стопанства се соочуваат и со нови зголемени потреби за советодавна поддршка за начините на управување со ризик заради сé поголемото влијание од климатските промени, глобалните текови во однос на производството на храна и обезбеденоста со храна, како и обврската за исполнување на строгите барања од пакетот на вкрстената сообразност, кои се и обврска од евроинтегративниот процес. Од квалитетот на обезбедената советодавна поддршка на земјоделците во тој процес, во голема мерка зависи успешноста на предвидените реформи и поддршката за реструктуирање и зголемување на производството на квалитетна храна и конкурентноста на секторот.

Советодавните услуги треба да бидат достапни до најголемиот број од развојно-ориентирани земјоделски стопанства, но и до помалите земјоделци. Квалитетот на обезбедените советодавни услуги треба во континуитет да се подобрува, а понудата да биде усогласена според потребите за развојот на секторот за зајакнување на неговата конкурентност.

Имајќи ја во предвид Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија, потребите на корисниците на советодавните услуги согласно барањата и очекувањата, развојните програми и сопствените капацитети, АПРЗ има за цел да обезбеди свој придонес во развојот на земјоделството за обезбедување забрзан и одржлив економскиот раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните во руралните средини.

Исто така, имајќи го во предвид моменталниот развој на земјоделскиот сектор и стандардот на земјоделците, АПРЗ преку своите програми, потпрограми, мерки и активности, се стреми кон подобрување на моменталната состојба во

земјоделскиот сектор, овозможувајќи конкурентност, со што директно влијае на подобрување на економскиот развој.

Едукацијата на земјоделските производители за примена на нови научно-технички сознанија е во насока на подобрување на животниот стандард на земјоделците, а воедно ги поддржува евроинтеграциските процеси. Советодавните услуги овозможуваат трансфер на нови знаења и технологии и поддршка при аплицирање во нови инвестиции, имаат директна импликација за подобрување на животот во руралните области и градат предуслов за подобрување на инфраструктурата.

Со цел понатамошните активности да се насочат кон креирање на поадекватен пристап кон засегнатите страни, направена е анализа со користење на соодветна методологија, директни контакти, информативни разговори, прибирање податоци од теренот и користење на релевантни препораки од други институции.

1.2.1. Анализа на внатрешна состојба

Паралелно со утврдувањето на приоритетите и целите кои се основа за изработка на стратешкиот план и аналогно годишната програма за работа, АПРЗ пристапи кон анализирање на постоечката состојба во областите кои се во нејзина надлежност. Анализата на состојба која е процес кој се одвива во континуитет, помогна при градењето на заедничката свест и разбирање на состојбите во средината во која АПРЗ делува, најнапред за постоечките институционални капацитети, а потоа и за проблемите и предизвиците пред кои се наоѓа.

Како резултат на општите и специфичните околности и нивното влијание врз состојбите, АПРЗ пред утврдување на приоритетите и целите за наредниот период, изврши анализа на внатрешното и надворешното окружување во кои функционира, и тоа анализа на: внатрешната состојба, правната рамка, расположливата инфраструктура, финансиските ресурси и структурата на буџетот, човечките ресурси и структурата на вработените, областите на делување и на услугите кои се извршуваат, засегнатите страни и СВОТ анализа. Рамка за сите понатамошни анализи за потребните процеси за развој на капацитетите и управувањето во АПРЗ, претставува спроведената функционална анализа.

Со спроведената анализа, АПРЗ доби пореална и појасна слика за состојбите, проблемите и предизвиците во областите на делување, состојбите во институцијата, како и критичните прашања со кои се соочува, а кои имаат влијание врз реализацијата на поставените цели и задачи.

1.2.2. Анализа на правна рамка

АПРЗ е основана со посебен Закон за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (Сл. Весник на РМ 3/98, 43/14, 64/18 и Сл. Весник на РСМ 27/19). Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 114/09), вработените во АПРЗ од 01.01.2012 година имаат статус на државни службеници.

Други позначајни закони и акти според кои што АПРЗ се раководи во своето работење се: Законот за земјоделство и рурален развој; Законот за

административни службеници; Закон за вработените во јавниот сектор; Закон за работни односи; Закон за организација и работа на органите на државната управа; Закон за буџетите; Закон за извршување на буџетот; Закон за јавна внатрешна финансиска контрола; Закон за јавните набавки; Закон за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства; Гранси колективен договор на органите на државната управа; Методологија за стратешко планирање и подготвување на годишна програма за работа на Владата на РСМ; Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа; Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа; како и други законски и подзаконски акти кои што регулираат одредени сегменти од работењето на АПРЗ. Позначајни општи акти на АПРЗ кои што ја дефинираат нејзината структурна, организациона и функционална сфера се: Статутот, Правилникот за внатрешна организација, Правилникот за систематизација на работните места, Деловникот за работа на Управниот одбор и сл.

1.2.3.Анализа на расположива инфраструктура

Моментално територијалната распростанетост на АПРЗ е со 30 работни единици со седиште во 30 урбани општини, сместени во 8 одделенија за региони низ државата.

Според територијалната поделба во државата има 80 општини од кои повеќе од половината се рурални. Согласно ваквата распределба на РЕ во АПРЗ, пристапот до советодавните услуги на АПРЗ не е подеднакво достапен за сите земјоделци кои имаат потреба од нив, особено оние од најоддалечените места. Ова ја нагласува неопходноста од проширување на структурата на АПРЗ во насока на подобра територијална застапеност и прилагодување на потребите на клиентите.

Материјалните ресурси кои АПРЗ ги има на располагање во рамките на своите внатрешни организациони единици се како што следува.

Располага со 20 сопствени објекти, користи 8 објекти на јавни институции и 3 приватни објекти под закуп. Објектите кои се во сопственост на АПРЗ, се претежно дрвени бараки стари и по повеќе од половина век. Трошоците за нивно одржување стануваат сè поголеми со оглед на фактот дека се со многу ниска енергетска ефикасност, што доведува до зголемени трошоци за греење и ладење, дотраени електрични инсталации, санитарни јазли и сл. Ова ја нагласува потребата за обезбедување на финансиски средства за градежни зафати за реновирање на истите. Во изминатиот период се реализирани интервенции во насока на реконструкција на 4 објекти, но во наредниот период останува потребата од реновирање и реконструкција на останатите објекти.

Канцелариите во секоја РЕ се опремени со канцелариски инвентар, како и ИТ опрема која е поврзана со стабилна интернет врска. ИТ опремата се состои од персонални компјутери (деск топ или лап топ) за секој вработен, печатачи, скенери и сл. за секоја работна единица. Во тој поглед потребна е консеквентна

модернизација, пред сè на персоналните компјутери кои се постари. Исто така, неопходна е навремена набавка на компјутерска опрема за нововработените. Канцеларискиот инвентар е стар и делумно ја задоволува функционалната оперативност. Сепак, во одреден обем треба да се направи набавка со цел замена на канцеларискиот инвентар кој не е функционален.

АПРЗ располага со сопствен интернет портал која воедно претставува виртуелен центар за советодавни услуги.

Евиденцијата на документација е распределена според правата и обврските на извршителите и местото на настанување, а заради поголема ефикасност, практичност и контрола се користи обработка на документацијата на едно место. Обработката на платите се извршува преку соодветен софтвер, но останатата евиденција и обработка на документација во делот на архивско работење, човечки ресурси, планирање, мониторинг и евалуација се врши на конвенционален начин. Во овој дел потребна е набавка на софтверски решенија со што ќе се дигитализираат бројни процеси во делот на административното работење. Тоа од една страна ќе доведе до скратување на времето за обработка, елиминирање на грешки од техничка природа и истовремено ќе ја подобри оперативната ефикасност.

За реализација на теренските активности, на располагање се 5 службени возила распределени во 5 Одделенија за регион. Во останатите работни единици каде што нема службени возила, се користат приватни возила по принципот на склучен договор помеѓу вработените и АПРЗ. Активностите се базираат врз основа на одобрени и потврдени планови на ниво на извршител, работна единица, регионално и национално ниво.

1.2.4. Анализа на финансиски ресурси - структура на буџет

АПРЗ располага со редовен Буџет кој се изготвува согласно Годишната програма за работа. Врз основа на одобрението на Годишниот предлог буџет, се врши усогласување на програмските активности согласно предлог Стратешкиот план.

Табела: Одобрен Буџет за 2022 година проекција за 5 год. (во `000 денари)

Опис	2023	2024	2025	2026	2027	2028
Плати и надоместоци од плати (637) / Pagat dhe shtesat nga pagat (637)	54.716	81.390	89.375	89.375	89.375	89.375
Стоки и услуги (637) / Mallra dhe shërbime (637)	11.249	20.968	23.065	23.065	23.065	23.065
Капитални расходи (637) / Shpenzimet kapitale (637)	1.097	3.750	4.125	4.125	4.125	4.125
Вкупно: (637) / Totali : (637)	**67.062**	**106.108**	**116.565**	**116.565**	**116.565**	**116.565**

Стоки и услуги со капитални рас. (631) / Mallra dhe sherbime me shpenzime kapitale. (631)	2.885	3.190	3.190	3.190	3.190	3.190
Капитални расходи 631 / Shpenzime kapitale 631	3.441	10.300	10.300	10.300	10.300	10.300
Вкупно 631 / Total:631	**6.326**	**13.490**	**13.490**	**13.490**	**13.490**	**13.490**
Збир 637 и 631 / Shuma 637 dhe 631	**73.388**	**119.598**	**119.458**	**119.458**	**119.458**	**119.458**

Поради ограниченият буџет и принципот за рационализација на трошоците, АПРЗ ги организира и комбинира теренските активности.

Врз основа на развојните планови и потреби, АПРЗ овозможува работа и поддршка од проекти и поддршка при имплементација на националните програми од МЗШВ - АФПЗРР. За одредени активности и набавки особено од капитален интерес, во согласност со Годишниот план за работа се користат финансиски средства од сметка 631- други приходи и трансфери од други нивоа на власт.

1.2.5.Анализа на Човечки ресурси - структура на вработени

АПРЗ во моментот располага со 94 вработени од кои најголем број се со завршена ВСС - 81 (од кои со магистратура 4 и со докторат 1), додека 1 се со ВШС, останатиот број на вработени се со ССС 12. АПРЗ 2023 година ја започна со 100 вработени.

Во однос на правичната застапеност, структурата од вкупно 94 вработени лица во АПРЗ е следната: македонци 73 или 77,66%; албанци 14 или 14,90%; турци 2 или 2,13%; срби 1 или 1,06%; роми 3 или 3,19% и други 1 или 1,06%.

При вработувањето на нови административни службеници АПРЗ ќе се раководи според принципите на правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.

Што се однесува до родовата застапеност во АПРЗ, од моменталниот број на 94 вработени, 35 се жени, а 59 се мажи или процентуално изразено 37% се жени, а 63% мажи. Иницијативите во АПРЗ се усогласуваат според начелата и принципите за еднакви можности на жените и мажите (родовата еднаквост), содржани и во Законот за еднакви можности на жените и мажите. Усогласувањето ќе оди во насока на балансирана родова застапеност на сите нивоа како и во структурите на раководење, управување, учество во работни тимови, со дефинирање на буџетски пресметки на финансиска распределба на средства по активности.

Во АПРЗ има недостаток од расположиви човечки ресурси за планирање, спроведување, следење, оценување и известување на работењето. Тоа доведува до неможност да се спроведе соодветна анализа со цел да се прикаже споредба меѓу планираниот и реално остварениот резултат во рамките на програмите и потпрограмите.

1.2.6. Анализа на областите на делување и на услугите кои се извршуваат

Вкупниот број на земјоделски стопанства во Република Северна Македонија, изнесува 178.125. Просечно, едно земјоделско стопанство користи 1.8 ха земјоделско земјиште и има 2.1 добиточни единици.

Вкупното користено земјоделско земјиште од страна на земјоделските стопанства изнесува 320.738 ха, а од вкупниот број на стопанства, 60.8% користат до 1 хектар земјоделско земјиште. Земјоделските стопанства имаат вкупно 381.361 добиточна единици.

Број на земјоделски стопанства и земјиште со кое располагаат стопанствата[1]:

	Број на земјоделски стопанства	Вкупно земјиште со кое располагаат стопанствата, ха	Вкупно користено земјоделско земјиште, ха	Останато земјиште, ха	Користено земјоделско земјиште по стопанство, ха
	1	2 = 3+4	3	4	5
Република С. Македонија	**178 125**	**366 462**	**320 738**	**45 724**	**1,8**
Индивидуален сектор	177 845	311 277	271 989	39 288	1,5
Деловни субјекти	280	55 185	48 749	6 436	174,1

Територијалната дистрибуција на населението во РСМ покажува дека околу 44% од вкупното население живее во рурални подрачја. Од вкупно 1.767 населени места во државата, во 1.746 населени места живеат помалку од 10.000 жители. Голем дел од селата или се целосно напуштени (151 населени место нема регистрирана популација според пописот 2002) а 633 населени места имаат изразено мал број на жители односно под 100 жители. Согледувањата на ниво на руралните општини, укажуваат дека скоро сите рурални општини имаат континуиран пад на бројот на населението.

Руралните области се соочуваат со ниска стапка на образование кое се должи на: иселување на младо и работоспособно население, недостаток или мал број на образовни институции, изолирање на неразвиените села и сл. Пристапот до услуги (банкарски, поштенски, транспортни, здравствени, образовни, културни, телекомуникациски итн.) е ограничен за населението во руралните средини. Иако во последниот период направени се низа напори за подобрување на пристапот до услуги во руралните средини, сеуште значителен дел од населението во селата се соочува со ограничен или нема пристап до овие услуги. Растојанието помеѓу селата и градовите особено негативно влијае врз обезбедување на пристап до услуги.

Населението кое живее во руралните области ужива понизок квалитет на живот од оние кои живеат во урбаните области, поради што постои континуиран тренд на миграција на младите луѓе од селата во градовите, или во последно време и надвор од државата. Ова резултира со губење на највиталното работоспособно население од руралните средини и постепено опустошување на селата. Затоа постои потреба преку политиките за рурален развој да се зголемат инвестициите

[1] Според податоците од последното структурно истражување на ДСЗ од 2016 година

во инфраструктурата и инвестициите во ревитализација на селата со цел истите да станат привлечни места за младите луѓе и претприемачите да живеат и работат во нив.

Земјоделството и приходите од земјоделската дејност и поврзаните преработувачки и услужни дејности се сеуште одржлив извор на приход за руралното население. Генерално постои недостаток на зрели бизнис идеи и претприемачки вештини и знаења. Во моментов недостатокот на почетен капитал е значајна бариера за развој на одржливи бизниси во руралните средини.

Структурата на македонското земјоделство се карактеризира со голем број на индивидуални и мали земјоделски стопанства чии човечки ресурси се карактеризираат со релативно ниско образовно ниво. Оттука, а согласно со спецификите на земјоделското производство, потребно е специфично-скроено неформално образование за земјоделците, што ќе обезбеди континуиран систем за обуки за подобрување на нивните квалификации, особено за управување со земјоделското стопанство, примена на нови технологии, примена на пазарни стандарди за квалитет и безбедност на храна, кои би се спроведувале во месеците кога има намалена земјоделска активност, со цел да се максимизира нивното учество.

Знаењето само по себе не е доволно доколку не се примени во пракса. Затоа, трансферот на знаење е еден од клучните елементи за развој. Трансферот на знаење во земјоделството, каде што како краен корисник се јавува индивидуалниот земјоделски производител, најчесто се врши преку националната советодавна служба - АПРЗ. Генерално, пристапот на ЗС до консултантски и советодавни услуги е слаб, особено во руралните средини. И покрај сите напори, АПРЗ, согласно моменталните капацитети нуди лимитиран и недоволен обем на советодавни услуги за земјоделските бизниси.

Со цел подобрување на квалитетот на советодавните услуги во земјоделскиот сектор, потребно е да се обезбеди модел кој ќе овозможи побрз трансфер на знаење и ќе одговори на пазарните барања за зголемување на конкуретноста, но и на барањата на политиките. Специфични цели кои треба да се постигнат се: зголемување на стручноста и мотивираноста на советодавците, зголемување на квалитетот на обезбедени советодавни услуги, зголемување на бројот на корисници, вертикална поврзаност меѓу научно-истражувачките институции и советодавната служба и усогласување на советодавниот систем според Заедничката земјоделска политика на ЕУ. Во таа насока, од суштинско значење е институционалната поддршка која треба да ја обезбеди државата во зајакнување на капацитетите на АПРЗ како давател на услуги од јавен интерес.

Советодавните услуги во земјоделството се активности преземени од страна на советодавецот, кој ги обезбедува преку навремен и ефикасен пренос на информации, знаења и вештини за подобрување на практичните способности на корисниците на тие услуги.

АПРЗ за корисниците ги обезбедува услугите по пат на:

– **Информација:** непосреден пренос на стекнати сознанија и податоци од областа на земјоделството и руралниот развој до крајните корисници.

- **Едукација:** Учење на основни вештини, односно процес на пренесување на акумулирано знаење, вештини и вредности.
- **Обука:** Систематско учење, обучување заради усвојување на одредено знаење, вештина и искуство што се потребни за да се направи одредена работа или активност.
- **Консултација:** Разговор, советување, насочување, формирање став, давање на мислење од страна на компетентно лице по дадено прашање, вообичаено по барање од клиентот, т.е. обезбедување насоки за одредена состојба, можно решение за понатамошно постапување.
- **Демонстрација:** Јавно практично покажување и прикажување на нешто на лице место, со објаснување за како тоа нешто функционира или се изведува, преку практично показна вежба.
- **Административна услуга:** техничко-административна помош и поддршка обезбедена во канцеларија по барање на корисниците.

При обезбедување на советодавните услуги, советодавците на АПРЗ ги користат следните методи:

- **метод на индивидуално информирање или советување** преку непосреден директен контакт со корисникот во канцеларија или на терен, или преку дигитални алатки на далечина.
- **метод на групно информирање или советување** преку организирање на јавни средби, трибини, информативни денови, обуки, работилници, конференции, посета на демонстративни и експериментални опити и стручни патувања, или преку дигитални алатки на далечина.
- **метод на масовно информирање или советување** преку електронски и печатени медиуми, интернет страницата на АПРЗ http://agencija.gov.mk/ и социјални мрежи.

Моментално улогата што АПРЗ ја има во секторот земјоделство, како национален советодавен сервис, своите услуги ги обезбедува во насока на развој на конкурентни и напредни земјоделски стопанства, преку информирање, советување, едукација и техничко-административна помош.

АПРЗ советодавните услуги ги обезбедува преку следните области на делување:

- примена на подобрени производни практики, технологија и иновации во растителното и сточарско земјоделско производство;
- усогласеност со барањата за вкрстена сообразност и употреба на методи на добра земјоделска и еколошка пракса во земјоделско производство за зачувување на квалитетот на почвата, водата и воздухот, како и правилна примена на обврските од агроеколошките мерки;
- прилагодување кон климатските промени;
- ситем за прибирање сметководствени податоци од земјоделски стопанства согласно Законот за ФАДН;
- исполнување на барањата од областа на безбедност на храната, здравје и благосостојба на животните, здравје на растенијата и интегрирано управување со штетниците;

- заштита на здравјето и животот на луѓето при извршување на земјоделски активности;
- оптимизација на економското работење, управувањето со ЗС, вклучително и водење на сметководство на ЗС;
- оддржлив развој на економските активности кај малите ЗС, реструктуирање на ЗС и диверзификација на економските активности;
- управување со ризици, прилагодување на земјоделското производство кон условите во опкружувањето, промените во климата и движењата на пазарите;
- организирање и здружување на ЗС на пазарна основа;
- започнување на земјоделски активности од страна на млад земјоделец носител на ЗС и подобрување на улогата на жената во руралните средини;
- олеснување на пристапот на корисниците до политиките на поддршка во земјоделството и руралниот развој и останатите фактори на производство (земјоделско земјиште, капитал, и др.) и подобрување на структурата на земјоделското земјиште;
- исполнување на други минимални законски барања кои треба да ги спроведе ЗС или приоритети насочени кон развојот на ЗС кои се идентификувани од страна на носителите на земјоделската политика, од ЗС, формите на здружување на земјоделците или единиците на локална самоуправа;
- техничко-административна поддршка во изготвување на деловен план и технички предлог проект за корисници кои поднесуваат барање за искористување на финансиски средства од мерките на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој и ИПАРД програмата.

Сектор за земјоделство и рурален развој

Основна функција на АПРЗ според законските надлежности и стратешките цели е давање услуги на граѓаните, односно имплементација на советодавните услуги од областа на земјоделството и руралниот развој кај главната целна група, кои како корисници се јавуваат претежно земјоделските производители. Оваа главна функција се одвива во рамките на Секторот за земјоделство и рурален развој. Моменталната структура на вработени кои ја извршуваат оваа функција во рамките на Секторот е следна:

Вкупен број на вработени во Секторот се 80 од кои 13 се административен персонал за логистика и 67 извршители советодавци со одредена специјалност. Структурата на извршителите даватели на советодавна услуга е следната:

Табела 1: Родова застапеност

Родова компонента		
Мажи	42	63%
Жени	25	37%
Вкупно	**67**	**100%**

Табела 2: Вработени според степен на образование

Степен на образование		
ВСС	66	99%
ВШС	1	1%
Вкупно	67	100%

Табела 4: Вработени според специјалност

Специјалност		
Растително производство	43	64,18%
Анимално производство	21	31,34%
Агроекономија	3	4,48%
Вкупно	67	100%

Табела 5: Вработени според правична и соодветна застапеност

Правична и соодветна застапеност		
Македонци	57	85%
Албанци	8	12%
Срби	1	1,5%
Друго	1	1,5%
Вкупно	67	100%

Според податоците од последното структурното истражување на Државниот завод за статистика спроведено во 2016, вкупниот број на земјоделски стопанства во Република Северна Македонија изнесува 178.125, од кои во индивидуалниот сектор се 177.845 ЗС.

Движење на дадени советодавни услуги со број на корисници и број на даватели

Опис	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Бр. на советодавци (неопределено + определено)	91 (74+17)	69	88 (66+22)	86 (66+20)	85 (65+20)	73	67
Бр. на ЗС кои добиле одреден вид на СУ	36.894	22.907	30.950	14.445	11.897	9.686	10.111

Евидентно е дека бројот на советодавци со постојан работен однос на неопределено време опаѓа, со што се намалува опфатот и квалитетот на советодавни услуги, а со тоа и ефективноста и ефикасноста на основните функции на АПРЗ. Вработувањата на определено време согласно Законот за работни односи привидно го подобрува само квантитативно бројот на советодавци, но истовремено не влијае на подобрување на квалитетот и квантитетот на дадената советодавна услуга.

Од ваквите податоци како непобитен факт се наметнува заклучокот дека бројот на извршители - даватели на советодавни услуги не ја отсликува реалната потреба за задоволување на земјоделските стопанства со советодавни услуги, како во квалитет, така и во обем.

Во Секторот исто така има систематизирани раководни позиции кои моментално не се пополнети, што доведува до несоодветна координација и управување со задачите и обврските кои произлегуваат од Годишната програма за работа.

1.2.7.Анализа на засегнати страни

Во фокусот на АПРЗ како јавен давател на советодавни услуги се земјоделските производители т.е. нивните земјоделски стопанства, што воедно претставуваат главни корисници на услугите и со тоа се приоритетна засегната страна. Аналогно на тоа, како засегнати страни се јавуваат и сите форми на здружување на земјоделски производители како што се земјоделските здруженија, асоцијациите, задругите, групите на производители и сл. Оттука, субјектите на здружување се едни од клучните засегнати страни на АПРЗ, како што се: Националната федерација на фармери, Асоцијацијата на земјоделци, Сојузот на Земјоделци, и сите здруженија кои членуваат во нив.

Покрај земјоделските производители кои се директно засегната страна, не помалку засегнати страни се и преработувачите на земјоделски производи, како и консументите, но и добавувачите на репроматеријали и опрема за земјоделското производство како бизнис сектор.

Како засегната страна се јавува и науката, истражувачката дејност, пред сé во делот на трансфер на апликативни научни сознанија, потреба за едукација и сл., отсликани преку универзитетите и нивните факултети од сферата на земјоделството и руралниот развој, како и нивните институти.

АПРЗ како самостоен орган на државната управа кој е директно одговорен пред Влада на РСМ, соработува со национални, странски и меѓународни институции и органи. Засегнати страни на АПРЗ со кои соработува на национално ниво се:

- Влада на РСМ и нејзините органи во состав:
    - Генерален секретаријат,
    - Секретаријат за законодавство,
    - Секретаријат за европски прашања,
    - Службата за општи и заеднички работи и др.
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, неговите органи во состав и организационите единици:
    - Фитосанитарна управа,
    - Државна фитосанитарна лабораторија,
    - Државен инспекторат за земјоделство,
    - Управа за семе и саден материјал,
    - Управа за хидрометеоролошки работи.
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- Агенција за храна и ветеринарство;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за локална самоуправа;
- Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта;
- Државен завод за статитика;

- Единици на локална самоуправа;
- Министерство за финансии - Сектор за финансирање и извршување на буџетите;
- Агенција за администрација;
- Агенција за вработување;
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување;
- Фонд за здравствено осигурување;
- НВО/граѓански здруженија.

Засегнати страни на меѓународно ниво со кои АПРЗ соработува, а во дел од нив членува се:

- Европската Комисија EU Commission, во делот на ИПА проектите;
- Мрежа на советодавни услуги на Југоисточна европа SEASN - членува;
- Европски форум за земјоделство и рурален советодавен сервис EUFRAS - членува;
- Организација за храна и земјоделство на ОН - ФАО;
- Советодавна служба на Хрватска;
- Национална служба за совети во земјоделството на Бугарија - NAAS;
- Институт за примена на науката во земјоделството во Србија - IPN.

Се наметнува потребата од формализирање на правата и обврските помеѓу АПРЗ и засегнатите страни за спроведување на заедничките активности кои би произлегле во текот на работењето преку соодветен правен акт.

1.2.8. SWOT анализа

SWOT анализата како алатка која има широк опфат на употреба, е спроведена за анализа на окружувањето на институцијата. Со цел утврдување на силните и слабите страни кои произлегуваат од внатрешното окружување и откривање на можностите и заканите кои произлегуваат од надворешното окружување на институцијата. Врз основа на ваквата анализа дадени се предлози, идеи, мислења и ставови по многу прашања од интерес за успешно функционирање на АПРЗ.

Во изработката на SWOT анализата се стават во функција корисниците и давателите на советодавната услуга, креаторите на современи совети, вклучувајќи ги експертите и институциите од секторот земјоделство, во насока на следење и примена на евроинтеграциските процеси со користење на расположивите капацитети кои водат кон квалитетно и профитабилно земјоделско производство.

Силни страни	Слаби страни
- Позитивно препознатлив историјат на постоење и делување - Добра организациска поставеност - Соодветен едуциран стручен и компетентен кадар - Експерти од повеќе области во примарното и секундарното производство на храна,	- Недоволен буџет за реализација на програмата на АПРЗ - Недоволен број на даватели на СУ - советодавци во однос на бројот и структурата на ЗС во државата и согласно потребите и барањата од корисниците - Несоодветен систем за управување

- Познавање и користење на современи методи и техники во работењето, - Обезбедување на широк спектар СУ од сите области во работењето на АПРЗ - Обезбедување на бесплатни СУ, информации и административна поддршка за сите клиенти - Обезбедување на услуги карактеризирани како „јавни добра“ кои се од интерес на државата - Распространета мрежа на канцеларии низ целата држава (30 РЕ и варијабилен бр. на ДК во руралните средини) - Солидна меѓусебна комуникација и соработка помеѓу советодавците во РО и РЕ - Непристрасност при доставување на услугите заради отсуство на материјален и комерцијален интерес - Отворен пристап за сите корисници на услуги - Флексибилност при обезбедувањето на СУ - Рамномерен пристап и опфатеност на сите економски категории на ЗС - Соработка со ЕЛС - Директни и непосредни теренски контакти со корисниците - Изградена меѓусебна доверба советодавец-земјоделец - Фацилитаторска улога на советодавците - Располагање со база на податоци - Техничка опременост (софтвер, хардвер, ИКТ опрема, интернет и сл.) - Отвореност за меѓународна, институционална и др. видови на соработка - Систем за управување со човекови ресурси - Расположив фонд за набавка на возила (одржлив возен парк) - Флексибилно работно време - Систем за следење и евиденција на	со човечките ресурси заради отсуство на софтверско решение - Несоодветно управување со работните процеси и извршителите заради непополнети раководни места во организационите единици - Отстапувања од кодексот за административни службеници како етика за однесување со колегите, претпоставените, странките, законитост, професионалност и одговорно однесување - Слаба дисеминација на информации и комуникација помеѓу вработените во различните организациони единици - Нефункционирање на координативните групи - Застарен административно-деловен капацитет за сместување и работа (објекти, инфраструктура, опрема и сл.) - Реализација на активности и задачи кои не се во доменот на АПРЗ, бидејќи не се регулирани со соодветни акти - Несоодветна и ненавремена исплата на средствата за реализација на теренски активности (советодавците авансирано ја финансираат реализацијата од сопствени средства) - Неусогласена легислатива, недопрецизирана и хармонизирана правна рамка (Закон и подзаконски акти) - Незадоволителен број на теренски контроли за реализација на планот за работа - Неадекватен систем за мониторинг и евалуација на активностите заради непостоење на софтверско решение - Непополнети позиции Раководител

активности	на Сектор во сите три сектори - Недоволен административен и оперативен капацитет за прифаќање и операционализација на домашни и меѓународни проекти - Незадоволително ниво на меѓучовечки односи кое што влијае врз квалитетот на работата - Отсуство на специјализирани организациски, координативни и информативни средби помеѓу вработените - Несоодветна меѓу секторска комуникација (мешање на ингеренциите и раководењето помеѓу секторите) - Отсуство на тимска работа - Отсуство на обуки и/или немање на континуитет на обуки - Слаба хоризонтална меѓу институционална соработка - Слаба соработка со научно-образовни институции и др. чинители (засегнати страни) - Недоволен јавен публицитет за активностите на АПРЗ
Можности	**Закани**
- Евроинтеграциски процеси - Глобализација и вклученост во меѓународни организации и мрежи - Пристап до базите на податоци во секторот земјоделство (МЗШВ, АХВ, АФПЗРР) - Воведување на мерката за СУ во ИПАРД програмата - Користење на донаторски средства и фондови - Градење партнерства и учество во ЕУ и др. проекти - Натамошен ИКТ развој - Развој на сеопфатен софтвер за администрација - Хармонизација и усогласување на правната рамка на АПРЗ - Членство во мрежата на советодавни	- Намален, рестриктивен буџет - Одлив на стручен персонал - Ограниченост на нови вработувања на неопределено време и унапредувања согласно потребите на АПРЗ - Неповолна возрасна структура - Немање пристап до ЕРЗС - Незадоволителна институционална поддршка - Нефункционирање на системот за напредок во кариерата што доведува до демотивираност на вработените - Економска криза и инфлација - Неусогласеност на платите на вработените со порастот на минималната плата и зголемените

услуги на ЈИЕ - Меѓународна соработка	трошоци за живот - Демографски промени поради миграциски процеси (одлив на младите од руралните средини) - Напуштање на земјоделството од страна на младите поради селење во други области - Побрз развој на корисниците од давателот на услуги

1.3. МИСИЈА

Развој на конкурентни и напредни земјоделски стопанства, преку информирање, советување, едукација и техничко-административна помош, почитувајќи ги принципите на добра земјоделска пракса и зачувување на руралните области преку негување на традицијата и обичаите.

1.4. ВИЗИЈА

Препознатлива и респектабилна институција која обезбедува професионални советодавни услуги насочени кон постигнување на ефикасно и конкурентно земјоделско производство и одржлив рурален развој.

1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АПРЗ

Задачите и обврските на АПРЗ се утврдени со Законот за основање и Статутот на АПРЗ.

АПРЗ, своите надлежности утврдени со Законот за основање ги извршува врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Основните обврски и задачи на АПРЗ се во функција на:

1. Давање непосредна помош на земјоделците за примена на соодветни мерки:
   - во поледелството, лозарството и овоштарството: воведување на нови технологии во одгледувањето, правилна употреба на ѓубрива, избор на видови и сорти, подигање и одгледување на насадите, поставување на демонстративни опити со нови сорти и технологии и сортни испитувања и
   - во сточарството: упатување на примена на мерки за подобрување на производните својства, обезбедување на правилна исхрана за добивање поквалитетни производи (млеко, месо, волна, јајца и друго);
2. Соработка со здруженијата на земјоделците и единиците на локалната самоуправа;
3. Насочување на земјоделските производители за производство на култури и производи според потребите на пазарот;
4. Непосредно извршување на дел од мерките за спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот

развој што се донесуваат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој;
5. Давање насоки за развој на земјоделството врз основа на сознанијата на терен;
6. Пренесување на стручни сознанија до непосредните земјоделски производители, како и научно-апликативните достигнувања во земјоделското производство;
7. Давање насоки во изборот на соодветна земјоделска механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно и разионално користење;
8. Вршење инструктажа, демонстрација за современи постапки за чување, преработка на земјоделски производи (од растително и животинско потекло) и подготовка за пласман;
9. Стручно оспособување на земјоделските производители преку одржување на советувања, семинари, курсеви и слично;
10. Организирање на натпревари за високи приноси, учествување на саеми и изложби, организирање на сточарски смотри и тракторски натпревари;
11. Подготвување на истражувачки предлози во земјоделството;
12. Воспоставување и користење на информативни системи во земјоделското производство;
13. Давање помош на земјоделските производители за установување евиденција во врска со земјоделското производство, негова рентабилност и економичност;
14. Изготвување на информативни и рекламни списанија, брошури, памфлети, прирачници во кои би биле опфатени новитетите од домашни ни странски извори на информации од областа на земјоделството и
15. Други стручни и апликативни мерки за кои ќе се јави потреба.

Со Законот за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од земјоделските стопанства („Сл. Весник на РМ“ бр. 110/07, 53/11), во активностите на АПРЗ се допрецизира обврската за прибирање на сметководствени податоци и воспоставувањето на ФАДН во Македонија.

1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ

АПРЗ како државна институција има својство на правно лице во функција на креирање и давање советодавни услуги во земјоделството што резултира со директна и индиректна поддршка во остварување на утврдените стратешки приоритети и цели на Владата на РСМ. Со својата специфика во реализацијата на активностите, се издвојува од останатите Министерства и Агенции, особено со МЗШВ, во делот на постојаната присутност на советодавците на терен кај земјоделските стопанства. Советодавците во АПРЗ преку постојани и континуирани средби со земјоделците, покрај размената на информации, даваат квалитетни, навремени, стручни совети во земјоделството и руралниот развој, како и техничко-административна помош и поддршка при аплицирање за


финансиска помош од Програмите за поддршка во земјоделството. Од друга страна пак, МЗШВ преку своите организациони форми врши анализи, градење политики, како и инспекција, со што ги спроведува контролните механизми во имплементација на развојот и поддршката кон земјоделските стопанства.

Во насока на компатибилност со стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ и нивно ефикасно реализирање, АПРЗ е дефинирана како Национална советодавна служба со следните специфики:

- АПРЗ има советодавна улога во земјоделството, за разлика од други институции и органи кои имаат контролна и инспекциска улога.
- АПРЗ придонесува кон рамномерен развој на руралните подрачја преку однапред дефинирани активности.
- Активностите од советодавните услуги се карактеризираат со непристрасност и непрофитабилна ориентираност.
- Преку АПРЗ државата добива информации од теренот кои што се корисни за градење на стратегии и планови во земјоделскиот сектор и негова поддршка во развојот.
- Согласно поставеноста во земјоделскиот сектор, АПРЗ има имплементирачка улога на политиките креирани од страна на МЗШВ.
- АПРЗ преку непосредниот контакт на советодавецот со земјоделецот, кој што се темели на взаемна и долгогодишна доверба, се издвојува од другите субјекти кои делуваат во секторот.
- АПРЗ со своето делување помага во процесот на креирање на политики со што придонесува истите да бидат што е можно пореални и да ја отсликуваат потребата од теренот.

1.7. СТРУКТУРА НА АПРЗ - ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ

АПРЗ согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работни места, ја има следната организациска структура:



Органограм 1: Постоечка организациска структура

Со АПРЗ раководи директор кој го именува и разрешува Владата на РСМ.

Директорот има свој заменик кој го именува и разрешува Владата на РСМ.

АПРЗ во својот состав има еден Државен советник за прашања од областа на земјоделството и руралниот развој.

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на АПРЗ, согласно со видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и меѓусебна поврзаност и сродност, во АПРЗ се образуваат следниве организациски облици:

1. **Сектор за административно правни - општи работи и човечки ресурси со две одделенија и тоа:**
   - Одделение за административно правни и општи работи;
   - Одделение за управување со човечки ресурси
2. **Сектор за финансиски прашања со две одделенија и тоа:**
   - Одделение за сметководство и плаќање;
   - Одделение за буџетска контрола;
3. **Сектор за земјоделството и рурален развој, со девет одделенија и тоа:**
   - Одделение за план, анализа и ЕУ проекти;
   - Одделение за Пелагониски регион со седиште во Битола, со пет работни единици во: Битола, Крушево, Ресен, Прилеп и Демир Хисар;
   - Одделение за Полошки регион со седиште во Тетово, со две работни единици во: Тетово и Гостивар;

- Одделение за Југозападен регион со седиште во Охрид, со пет работни единици во: Охрид, Струга, Дебар, Кичево и Македонски Брод;
- Одделение за Скопски регион со седиште во Скопје, со една работна единица во: Скопје;
- Одделение за Североисточен регион со седиште во Куманово, со три работни единици во: Куманово, Крива Паланка и Кратово;
- Одделение за Источен регион со седиште во Штип, со шест работни единици во: Штип, Пробиштип, Виница, Кочани, Берово и Делчево;
- Одделение за Југоисточен регион со седиште во Струмица, со четири работни единици во: Струмица, Радовиш, Валандово и Гевгелија;
- Одделение за Вардарски регион со седиште во Кавадарци, со четири работни единици во: Кавадарци, Велес, Неготино и Свети Николе.

Во АПРЗ е формирана и самостојна организациона единица:

- Одделение за внатрешна ревизија

Од функционален аспект, а заради вршење на определени конкретизирани специјализирани активности формирани се 8 координативни групи:

- Координативна група за поледелство
- Координативна група за сточарство
- Координативна група за лозарство и овоштарство
- Координативна група за градинарство
- Координативна група за агроекономија
- Координативна група за поддршка во програмите за финансиска поддршка
- Координативна група за МАС медиуми и
- Координативна група за родова еднаквост

Планирани Промени

Предлог промени во Секторот за земјоделство и рурален развој

Врз основа на анализите од внатрешната состојба и функционалната анализа, резултатот од анализите на извештаите од активностите кои вработените ги извршуваат, се наметнува потребата за реорганизација на внатрешната поставеност на Секторот за земјоделство и рурален развој која ќе содејствува со тековните состојби и потреби за подобрување на ефикасноста. Препорака е ставање во функција на организациона структура врз основа на проценката на внатрешната организација потребна за остварување на законските надлежности, стратешкиот план и програмата за работа. Оттаму потребното прилагодување на организационата поставеност на Секторот е согласно обемот на работата и видот на активностите што се извршуваат. Имено, постои испреплетување и нерамномерен обем на извршување при обезбедување на, од една страна стручните агрономски совети по специјалност во земјоделското производство и од друга страна на техничко-административните канцелариски услуги кои се

обезбедуваат заради полесен пристап до финансиската помош и поддршка што ја обезбедува државата. Акцентот е ставен повеќе врз техничко-административни услуги за сметка на стручните совети по специјалност. Советодавците својот потенцијал и време во најголем процент го поминуваат во канцеларија администрирајќи апликативни барања, за што најголем резултат на успешност е задоволството од услужените клиенти за овозможување на подобар пристап до фондовите наменети за финансиска помош во земјоделството и руралниот развој, но мал е ефектот врз остварување на останатите програмски приоритети и цели. За сметка на тоа, сé помалку време се посветува на давањето на стручни совети и специјализирани обуки за земјоделските стопанства, што во суштина преставува основна дејност и главна функција на АПРЗ. Тоа влијае неповолно врз резултатот на поставените приоритети и цели од Стратешкиот и Годишните планови за работа.

Предлогот е формирање на две нови одделенија во рамките на Секторот за земјоделство и рурален развој и тоа: Одделение за земјоделство и Одделение за рурален развој. Аналогно на ова, се предлага измена во актот за систематизација со прилагодување на описот на работни задачи и обврски, дефинирање на потребен број на извршители и поделба на постоечките извршители согласно ваквата организациона поставеност.

Ова доведува до неминовна потреба за воведување на организиран начин на обезбедување на различните видови услуги преку системски пристап со воведување јасни процедури за начинот на барање услуги од страна на клиентите.

Исто така, неопходно е ставање акцент на организирање на специјализирани обуки за унапредување на продуктивноста на земјоделските производители, преку опфат на области и теми поврзани со земјоделството и руралниот развој.

За таа цел, воспоставени се 8 Координативни групи кои се формирани заради вршење на определени конкретизирани специјализирани активности од одредена област или области со цел поголема продуктивност и адекватност во давањето на советодавните услуги, полесна координација, усовршување, размена на новости и актуелности, меѓусебно помагање и поефикасно работење на давателите на совети по специјалност, како и координираност и ефикасност во работата на АПРЗ. Во наредниот период, координативните групи ќе креираат стручни советодавни пакети по одредена специјалност, кои ќе бидат поддршка за примена на добри и одржливи земјоделски практики во растителното и сточарското производство. Советодавните пакети ќе се спроведуваат на терен, директно кај земјоделските стопанства преку обезбедување на серија на обуки за пренесување на стручни знаења и вештини.

Како составен дел на функционалноста за постигнување поголем квалитет, рационализација, професионализација и отчетност во обезбедувањето на советодавните услуги, се изврши трансформација во организацијата на координативните групи заради нивно ставање во активна оперативна функција, за што се изготви нов Правилник за формирање, функционирање и надлежност на координативните групи.

Причините за ваквите промени произлегуваат заради:

- јасна дистинкција на двете основни услуги (стручни совети и обуки по специјалност и техничко-административни услуги) од организациски и функционален аспект;
- прецизирање и поделба на работните задачи и обврски според овие две услуги по извршител;
- усогласување на бројот на вработени во однос на обемот и видот на работа, како и бројот на земјоделски стопанства;
- воспоставување на адекватно управување (координација, следење, контрола и оценување) и проток на информации за спроведување на активностите согласно Стратешкиот план и Годишната програма за работа;
- ставање во активна функција на координативни групи;
- организиран и систематизиран пристап на побарувачка и понуда на советодавни услуги;
- терминолошко усогласување со соодветни дефиниции и изрази во рамките на Секторот;

Согласно новата поставеност на Секторот потребно се да се пристапи кон ревидирање на:

- Правилникот за внатрешна организација за утврдување на соодветен делокруг на работење на новите одделенија и нивна надлежност во рамките на Секторот;
- Правилникот за систематизација на работни места со утврдување на реално потребен број на извршители, опис на работите и задачите определени согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување, како и распоредување на извршителите во одделенијата кои се во состав на Секторот, согласно предложените промени, истовремено имајќи ги во предвид постоечките капацитети и активности согласно Стратешкиот план.

1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

АПРЗ во својата организациона структура нема органи во состав.

1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АПРЗ

АПРЗ при утврдувањето на своите стратешки приоритети и приоритетни цели се раководи и според Националната стратегија за земјоделство и рурален развој, како и Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој на МЗШВ. За реализација на стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ, АПРЗ за периодот 2024-2026 година има утврдено 4 (четири) приоритети за чиешто спроведување се утврдени 10 (десет) цели и тоа:

ПРИОРИТЕТ БР. 1

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО, ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ И ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

За реализација на овој приоритет се утврдени 2 (две) цели:

- зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи, во насока на обезбедување на доволни количини квалитетна и безбедна храна;
- заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики, прилагодување на глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика на ЕУ.

ПРИОРИТЕТ БР. 2

ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПОЛИТИКИТЕ ЗА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

За реализација на овој приоритет се утврдени 2 (две) цели:

- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР), со изработка на деловни планови, технички предлог проекти, и сл.
- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата, со изработка на деловни планови, технички предлог проекти, и сл., во насока на ефикасно користење на претпристапната помош од ЕУ.

ПРИОРИТЕТ БР. 3

ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА СТРУКТУРАТА, ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ КАЈ ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ФАДН

За реализација на овој приоритет се утврдени 2 (две) цели:

- Систематско следење и вреднување на производните, економските и финансиските резултати кај земјоделските стопанства;
- Утврдување и анализа на економските параметри и висината на приходот на земјоделските стопанства.

ПРИОРИТЕТ БР. 4

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

За реализација на овој приоритет се утврдени 4 (четири) цели:

- обезбедување на навремени редовни генерички и специјализирани обуки на вработените согласно годишен план за обуки, како и зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето
- обезбедување и одржување функционална ИТ опрема со соодветни софтверски решенија, вклучително и редизајн и модернизација на ВЕБ страната;

- надминување на недостигот на стручен раководен и советодавен кадар, пополнување на празните работни места преку унапредување и вработување;
- доследна примена на ИСО стандардите.

1.10.ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА

<table>
<tr><th colspan="2">Програма 1: СОВЕТИ</th></tr>
<tr><td colspan="2">
• Тековната година АПРЗ јануари 2022 ја започна со 68 советодавци

• Февруари примени нови 4 советодавци на неопределено време (од Оглас во ’21)
• Јуни примени нови 9 советодавци на неопределено време
• Октомври примени нови 4 советодавци на неопределено време
Вкупно нови примени: 17
• Март 1 советодавец – одјавен (пензија)
• Април 1 советодавец – одјавен (пензија)
• Мај 1 советодавец – одјавен (пензија)
• Јули 5 советодавци – одјавени (пензија)
• Август 1 советодавец – одјавен (пензија)
• Ноември 1 советодавец – одјавен (инвалидска пензија)
Вкупно пензионирани: 10
• Април 1 советодавец – одјавен (замина)
• Јули 1 советодавец – одјавен (замина)
• Септември 1 советодавец – одјавен (замина)
Вкупно одлив: 13
• Октомври 2 советодавци (повисоко звање согласно закон)

• Крајна состојба 31.12.2022 - 73 советодавци

Вкупно услужени 9.686 ЗС по пат на советување, информирање или административна поддршка, според евиденција во Системот од 85 советодавци.

• При теренски активности - вкупно 11.903 км.
• ФАДН - вкупно 63.129 км.
</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 1:
Специфични СУ</td><td>СУ по специјалност добиле 2.012 ЗС од кои:
- Совети од растително производство добиле 625 ЗС
- Совети од сточарско производство добиле 248 ЗС
Планираниот резултат е исполнет со 50%.
- СУ за Вкрстена сообразност добиле 1.139 ЗС од 85 советодавци, од кои:
○ информации на 614 ЗС и
○ совети на 525 ЗС
Планираниот резултат е исполнет со 29%.
*Согласно доставен список од АФПЗРР за неисполнување на условите за ДЗП и ЗЖС извршена едукација на 76 ЗС.</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 2:
Поддршка на корисниците во мерките за</td><td>Вкупно обезбедени СУ за поддршка во мерките за финансиска поддршка на 7.615 корисници од кои:

- Обезбедени СУ за ПРР на 3.925 корисници од кои:</td></tr>
</table>

финансиска поддршка	○ Информирани **2.068** корисници, ○ Обезбедена техничко-административна поддршка на **1.857** корисници. - Обезбедени СУ за ИПАРД на **956** корисници: ○ Информирани **800** корисници, ○ Обезбедена техничко-административна поддршка на **156** корисници - Обезбедени СУ за др. ЈП на **2.734** корисници: ○ Информирани **1.509** корисници, ○ Обезбедена техничко-административна поддршка на **1.225** корисници
	-

Програма 2: СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ НА ФАРМА/ФАДН	
Потпрограма 1: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН	- Прибрани се податоци од **869** ЗС, кој број е утврден согласно Годишниот договор со МЗШВ. - На почетокот на 2022 година внесени се податоците прибрани во 2021 година од 810 ЗС.

Програма 3: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ	
Потпрограма 1: Зајакнување на административниот капацитет на АПРЗ	Вработувања на неопределено време: - Во март 2 лица, - Во јули 1 лице - Во август 1 лице - Во ноември 4 лица Вработувања со договор на дело: - Во јануари 3 лица - Во јуни и јули 14 лица. - Во октомври унапредување на 2 вработени. - Нема реализација на генерички обуки. (АПРЗ поднесе барање до МИОА за вклучување во системот за микро учење и системот за управување со учењето) - Нема реализација на специјализирани обуки. (нема финансиски средства во буџетот)
Потпрограма 2: Надградба на ИКТ системот	- Набавени 18 парчиња компјутерска опрема: 9 ЛТ и 9 ДТ - Не е реализирано апдтејтирање на постоечките софтверски решенија. - Не е реализирана набавка на софтвер. (обезбеден буџет од 500.000,00 денари за софтвер за 2023 год.)
Потпрограма 3: Формално - правна консолидација и имплементација	- Подготвен и усвоен Годишниот план за финансиско управување и контрола. - Подготвена и усвоена Стратегија за управување со ризици. - Воспоставено софтверско решение за аналитичка сметководствена евиденција по организациони единици, извршители и надворешни чинители.

	- Воспоставено софтверско решение за навремена пресметки и исплати на 12 плати и надоместоци. - Реализирани 11 постапки за јавна набавка. Годишна програма за внатрешна ревизија не е реализирана - нема вработено лице на работно место внатрешен ревизор.

Преглед на иницијативите во надлежност на АПРЗ кои биле доставени до Владата на РМ согласно Годишната програма за работа на Владата:

- Набавка на компјутерска опрема: Набавени 18 парчиња компјутерска опрема
- Реконструкција на објекти: Реализирана реконструкција на 4 објекти
- Набавка на софтвер: Не се реализира од технички причини.

Преглед на подзаконската регулатива и други акти донесени од страна на директорот на АПРЗ, а кои се поврзани со законската регулатива утврдена од страна на Владата или со тековното работење на АПРЗ:

- Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.
- Измена и дополнување на Планот за вработување.

Преглед на други спроведени мерки и активности кои произлегуваат од работата на АПРЗ:

- Спроведување на планот за јавни набавки: Спроведени 12 постапки за јавни набавки.
- Реализација на постапки за вработување согласно Годишниот план за вработување: Спроведени 3 постапки за вработување на 22 извршители на неопределено време и склучени договори на дело за ангажирање на 4 извршители.

Осврт на околностите, застоите и ризиците кои се појавиле во периодот на известување:

- Недоволен број на вработени, особено советодавци во однос на бројот на корисници на советодавни услуги.
- Непостојаност на бројот на извршители - советодавци поради поголемиот одлив по основ на пензионирање, напуштање на АПРЗ, користење на неплатен одмор кој не може да се предвиди при годишното планирање и останати околности.
- Непополнети работни места согласно систематизација.
- Неконзистентен систем на унапредувања на вработени за напредок во кариерата, што предизвикува демотивираност кај вработените со што се намалува ефикасноста и ефективноста во работењето, поради отсуство на конзистентна политика во планирањето на Годишниот план за вработување.
- Непополнети клучни раководни позиции на работните места: Раководител на сектор за правни и општи работи; Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој; Раководител на сектор за финансиски прашања, што предизвикува голем ризик и проблеми во спроведувањето на надлежностите од делокругот на работа на секторите.

- Непополнети клучни раководни позиции на работните места Раководител на одделение во четири одделенија за регион: Североисточен, Југоисточен, Југозападен и Полошки, што предизвикува застој во координацијата и спроведувањето на работните задачи, особено во обезбедувањето на советодавните услуги.
- Поради настанатата економска криза и намалените средства, теренските активности беа со намален обем, а групните средби се одржуваа согласно насоките за потребен минимум.
- Застарен и несоодветен начин на прибирање податоци за евиденција на спроведени активности од обезбедени советодавни услуги, нивна анализа и евалуција за мерливост на степенот на реализација. Потребна е дигитализација на Системот за евиденција и следење на активности со цел следење, обработка и анализа на податоците преку набавка на софтверско решение.
- Недоволен број на советодавци што предизвикува проблем во зголемувањето на бројот и опфатот на фарми во спроведување на обврските кон МЗШВ за ФАДН.
- Неможност за стручно усовршување и надоградба за подигање на личниот капацитет на вработените за подобрување на перформансите поради отсуство на генерички и стручни обуки.

- Овие околности и ризици кои се појавиле во текот на работењето влијаеле значително врз спроведувањето на мерките и активностите како и на постигнување на резултатите, а влијаеле и врз обемот, ефективноста, ефикасноста, како и квалитетот на реализацијата.

1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА

Човечки ресурси - советодавци:
- Почетна состојба 01.01.2023: **73 советодавци**
- Март одјавени **2 советодавци** – пензионирање
- Мај одјавени **2 советодавци** – пензионирање
- Јуни одјавени **2 советодавци** – 1 пензионирање и 1 трансфер во друга институција
- Крајна состојба 30.06.2023 - **67 советодавци** од кои:
  - 43 по растително
  - 21 сточарско
  - 3 агроекономија

Советодавни услуги:
Вкупно дадени СУ (информации/обука/едукација/консултации/административна поддршка) на **10.111 ЗС** од кои:
- мажи: 8.899 ЗС (88%)
- жени: 1.212 ЗС (12%)

ПРОГРАМИ:

Програма 1: СОВЕТИ	
Потпрограма 1: Советодавни услуги за	**М:** Советодавни услуги по специјалност добиле **368 ЗС** од кои: - СУ од растително производство добиле **312** ЗС:

примена на добри и одржливи земјоделски практики.	○ информација на 267 ЗС ○ консултација на 42 ЗС ○ демонстрација на 3 ЗС - СУ од сточарско производство добиле **56** ЗС: ○ информација на 49 ЗС ○ консултација на 7 ЗС **М:** Советодавни услуги за Вкрстена сообразност добиле **354 ЗС**: ○ информација на 139 ЗС ○ едукација на 117 ЗС (согласно доставен список од АФПЗРР за неисполнување на условите за ДЗП и ЗЖС) ○ обука на 103 ЗС **М:** Советодавни услуги за правилна примена на стандардите за преработка и условите за директно снабдување на локалните пазари (продажба од праг) добиле **270 ЗС**: ○ информација на 265 ЗС ○ едукација на 5 ЗС Дополнително информации за специфични потреби добиле **15 ЗС**
Потпрограма 2: Советодавни услуги за корисниците кои ќе произлезат од шемите за државна поддршка	**М:** Советодавни услуги - поддршка за финансиска помош на вкупно **9.104** корисници, од кои: - СУ за ПРР на **3.003** корисници од кои: ○ Информирани **2.583** корисници ○ Изготвено Барање/Апликација на **238** корисници ○ Изготвено единечно Барање на 30 корисници ○ Изготвен Деловен план на 104 корисници ○ Поддршка за дополна на документи на 46 корисници ○ Обезбедена обука со Потврда на 2 корисници - СУ за ИПАРД на **373** корисници: ○ Информирани **371** корисници, ○ Изготвено единечно Барање на 1 корисник ○ Поддршка за дополна на документи на 1 корисник - СУ за др. ЈП на **5.728** корисници: ○ Информирани **5.119** корисници ○ Изготвено Барање/Апликација на **494** корисници ○ Изготвено единечно Барање на 23 корисници ○ Изготвена Програма за закуп на з.з. на 52 корисници ○ Изготвен Извештај за закуп на з.з. на 40 корисници

Програма 2: ФАДН	
Потпрограма 1: Обезбедување на соодветни	**М:** Адаптација и евиденција на сметководствени податоци од ЗС: - Прибрани се податоци од **949 ЗС**, кој број е утврден согласно

информации за економските параметри од земјоделските стопанства	Годишниот договор со МЗШВ.
Потпрограма 2: Обработка на информациите за економските параметри од земјоделските стопанства	**М:** Верификација и компјутерска обработка на податоците од ЗС: - Внесени податоци во информатичкиот систем за 877 ЗС прибрани во 2022 година

Програма 3: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ	
Потпрограма 1: Зајакнување на човечките ресурси и обезбедување на соодветни услови за работа на вработените	**М:** Зајакнување на базата на знаења кај вработените: - Учество на обука за вештини за испорака на советодавни услуги: Меки вештини - Модул Профил на советодавец, организирана од Проектот за FAS при МЗШВ. - Нема реализација на генерички обуки. (АПРЗ поднесе барање до МИОА за вклучување во системот за микро учење и системот за управување со учењето) - Нема реализација на специјализирани обуки. (нема финансиски средства во буџетот)
Потпрограма 2: Обезбедување и одржување на функционална ИТ опрема и редизајн и модернизација на ВЕБ страната	**М:** Автоматизација и подобрување на условите и алатките за работа: - Тековно одржување на функционална ИТ опрема и веб страна. - Обезбедена донација на 100 лаптопи од страна на ДЗС. - Реализирана набавка на 20 мултифункционални печатари/скенери. - Не е реализирана набавка на софтвер. (обезбеден буџет од 500.000,00 денари за нов софтвер за 2023 год.) Тековно обезбедување и одржување на стабилна интернет конекција.
Потпрограма 3: Формално - правна консолидација и имплементација	**М:** Плати и надоместоци од плати: - Редовни и навремени месечни пресметки и исплата на плати од Годишната пресметка и исплата на плати и надоместоци. **М:** Јавни набавки: - Подготвена и усвоена Годишна програма за јавни набавки, стоки и услуги. - Реализирани 10 постапки за јавна набавка.

Б. Иницијативи на АПРЗ утврдени во Годишната програма за работа на Владата

- Купување на опрема и машини (набавка на ИКТ опрема): Реализирана набавка на 20 мултифункционални печатари/скенери.
- Градежни објекти (реконструкција на градежни објекти): Во тек.
- Вложувања и нефинансиски средства (набавка на софтвер): Не е реализирано.

В. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа

- Годишна програма за јавни набавки: Спроведени 10 постапки за јавни набавки.
- Годишен план за вработување (ГПВ):
  - Изработка и усвојување на Годишен план за вработување: Реализирано
  - Реализација на Годишен план за вработување: Не е реализирано (во постапка).
- Спроведување на законски и подзаконски акти:
  - Годишен план за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола: Донесен и усвоен.
  - Годишна стратегија за управување со ризици: Донесена и усвоена.
  - Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места: Реализирано.

Осврт на околностите, застоите и ризиците кои се појавиле во периодот на известување:

- Недоволен број на советодавци во однос на бројот на корисници - земјоделски стопанства, што предизвикува намален обем на обезбедување на услуги и целосно задоволување на потребите на корисниците.
- Нарушена раководна структура заради непополнети раководни работни места на трите сектори во дирекцијата и пет одделенија за регион, кои што дел од овие работни места, се покриваат со доделување на интерни овластувања за додатни функции. Оваа состојба предизвикува зголемен обем на работа од задолженија, задачи, обврски и активности на лицата кои се овластуваат да ги извршуваат работните обврски на овие непополнети позиции. Сето ова значително влијае врз квантитетот, квалитетот и навременото извршување на работните задачи, како и појава на нарушување на меѓучовечките односи.
- Рационализиран буџет и недоволни финансиски средства за реализација на активностите согласно Годишната програма за работа.
- Недостаток на обуки за вработените, особено советодавците што предизвикува намалена можност за стручно усовршување и надградба на личниот капацитет за подобрување на перформансите во давањето на услуги.
- Неефикасен, застарен и комплициран начин на собирање и анализа на податоци од реализација на активности, за што се губи многу време и човечки ресурси, што предизвикува застој во спроведување на други активности кои се битни за ефикасноста и ефективноста во работењето на секторот за земјоделство и рурален развој.
- Непостоење напредок во кариерата што предизвикува голем пад на мотивацијата за работа кај вработените.
- Одлив на вработени по основ на пензионирање, трансфер во други институции и други околности.
- Неусогласеност на платите на вработените со порастот на минималната плата и зголемените трошоци за живот.
- Периодично намалување на бројот на извршители, особено советодавци заради отсуство преку користење на неплатен одмор.
- Економска криза која предизвикува зголемување на цената на енергенсите и горивата, кои што елементи директно влијаат врз обемот на извршување на работните активности, особено теренските.

- Економска криза и инфлација што влијае врз зголемување на трошоците.

Овие околности и ризици кои дел се константа, а дел се појавиле во текот на работењето во првите 6 месеци од 2023 година значително влијаеле врз спроведувањето на мерките и активностите како и на постигнување на резултатите, исто влијаеле и врз ефективноста, ефикасноста, како и квалитетот на реализацијата.

1.12.ПРОГРАМИ

АПРЗ во периодот 2024-2026 година ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели утврдени на ВРСМ и стратешките приоритети и цели на АПРЗ. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од нашата мисија и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на визијата на АПРЗ и на утврдените индикатори на успешност.

Во стратешкиот план се креирани следниве програми со потпрограми:

1. **Програма: СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ**
   1.1. **Потпрограма 1:** Советодавни услуги за примена на добри и одржливи земјоделски практики
   1.2. **Потпрограма 2:** Советодавни услуги за корисниците кои ќе произлезат од шемите за државна поддршка

2. **Програма: ФАДН**
   2.1. **Потпрограма 1:** Обезбедување на соодветни информации за економските параметри од земјоделските стопанства
   2.2. **Потпрограма 2:** Обработка на информациите за економските параметри од земјоделските стопанства

3. **Програма: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ**
   3.1. **Потпрограма 1:** Зајакнување на човечките ресурси и обезбедување на соодветни услови за работа на вработените
   3.2. **Потпрограма 2:** Обезбедување и одржување на функционална ИТ опрема и редизајн и модернизација на ВЕБ страната
   3.3. **Потпрограма 3:** Формално - правна консолидација и имплементација

2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Програма 1: СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ

А: Оправданост и дизајн на Програмата
Образложение: Програмата 1 - Советодавни услуги произлегува од: 1. Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ - „Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните“ содржана во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на ВРСМ во 2024 година.
2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, секторот и темата од НПАА) Поглавје: 3. Способност за преземање на обврските од ACQUIS Сектор: 3.11 Земјоделство и рурален развој Тема: 3.11.2 Заедничко уредување на пазарите и 3.11.3 Рурален развој
– Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: **Зголемување на конкурентноста на земјоделското производство, одржлив развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси** – зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи, во насока на обезбедување на доволни количини квалитетна и безбедна храна; – заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики, прилагодување на глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика на ЕУ. **Олеснување на пристапот до политиките за поддршка во земјоделството и руралниот развој** – обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР), со изработка на деловни планови, технички предлог проекти и сл. – обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата, со изработка на деловни планови, технички предлог проекти и сл., во насока на ефикасно користење на претпристапната помош од ЕУ.
Цел на Програмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на

оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој, заштита на животната средина и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.	
Показатели за успех на Програмата: – обезбедени СУ на стручна тема по специјалност кај 1.540 ЗС, – обезбедени СУ за вкрстена сообразност кај 1.000 ЗС, – одржани 450 групни средби (трибини, работилници, инфо денови и сл.), – обезбедени информации на 4.000 ЗС – обезбедена техничко-административна поддршка на секој заинтересиран корисник – мерење на родово разделени показатели, број и процент на мажи и жени од вкупниот број на корисници на советодавни услуги	
Програмата е: ☐ Хоризонтална ☒ Вертикална	
Потпрограми (компоненти) од Програмата:	
Потпрограма 1: Советодавни услуги за примена на добри и одржливи земјоделски практики	**Показател за успешност:** • совети кај 1.100 ЗП (растително) • одржани 270 групни средби (растително) • совети кај 440 ЗП (сточарско) • одржани 100 групни средби (сточарско) • број на едуцирани ЗС согласно доставена листа од АФПЗРР • совети кај 1.000 ЗС за ДЗП и ЗЖС • спроведени 80 групни средби за ДЗП и ЗЖС
Потпрограма 2: Советодавни услуги за корисниците кои ќе произлезат од шемите за државна поддршка	**Показател за успешност:** • дадени информации на 4.000 ЗС • обезбедена поддршка на секој заинтересиран корисник

Б: План за спроведување на програмата Советодавни услуги						
Потпрограма 1: Советодавни услуги за примена на добри и одржливи земјоделски практики						
Активност	**Одговорни**	**Консултирани**	**Временска рамка**		**Потребни ресурси**	
			Почеток	**Крај**	**Човечки**	**Финансиски (МКД)**

			(месец/година)	(месец/година)						
					I год.	II год.	III год	I год.	II год.	III год.
1. Советодавни услуги (растително)	Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој, раководители на одделение за регион, советодавци / извршители	Советодавци, Раководители на сектори и одделенија	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	45	55	60	800	950	1000
2. Советодавни услуги (сточарство)	Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој, раководители на одделение за регион, советодавци / извршители	Советодавци, Раководители на сектори и одделенија	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	25	30	35	700	850	950
3. Усогласеност со ДЗП и ЗЖС	Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој, раководители на одделение	Советодавци, Раководители на сектори и одделенија	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	70	85	95	450	550	650

	за регион, советодавци / извршители									
4. Информирање и едукација за мерките и барањата за хигиена на храната и услови за директно снабдување од страна на производител на мали количества примарни производи	Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој, раководители на одделение за регион, советодавци / извршители Координативна група	Советодавци, Раководители на сектори и одделенија Координативна група	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	70	85	95	350	450	550
Вкупно активности во I година: 4										
Вкупно активности во II година: 4										
Вкупно активности во III година: 4										
Вкупно за потпрограма 1: 12								2.300	2.800	3.150

Потпрограма 2: Советодавни услуги за корисниците кои ќе произлезат од шемите за државна поддршка

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси					
			Почеток (месец/година)	Крај (месец/година)	Човечки			Финансиски (МКД)		
					I год	II год	III год	I год.	II год.	III год

1. Поддршка за ПРР	Раководител на сектор за ЗиРР, национален координатор за РР	Координатори, Раководители на сектори и одделенија	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	70	85	95	40	60	80
2. Поддршка за ИПАРД	Раководител на сектор за ЗиРР, национален координатор за РР	Координатори, Раководители на сектори и одделенија	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	70	85	95	40	60	80
3. Поддршка за друга финансиска помош	Раководител на сектор за ЗиРР, национален координатор за РР	Координатори, Раководители на сектори и одделенија	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	70	85	95	20	40	60
Вкупно активности во I година: 3										
Вкупно активности во II година: 3										
Вкупно активности во III година: 3										
Вкупно за потпрограма 4: 9								**100**	**160**	**220**

План за спроведување Програма 2: ФАДН

А: Оправданост и дизајн на Програмата
Образложение: Програмата 2 - ФАДН произлегува од: 1. Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ - „Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните“ содржана во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на ВРСМ во 2024 година.

2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, секторот и темата од НПАА) Поглавје: 3. Способност за преземање на обврските од ACQUIS Сектор: 3.11 Земјоделство и рурален развој Тема: 3.11.1 Хоризонтални прашања
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: **Овозможување на спроведување на годишно истражување за структурата, производството, приходите и расходите кај земјоделските стопанства согласно Законот за ФАДН** – систематско следење и вреднување на производните, економските и финансиските резултати кај земјоделските стопанства; – утврдување и анализа за економските параметри и висината на приходот на земјоделските стопанства.
Цел на Програмата: Активности за прибирање на сметководствени податоци од репрезентативни земјоделски стопанства за потребите на Мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.
Показатели за успех на Програмата: – прибрани и внесени податоци од 1.000 дефинирани субјекти (физички и правни) – мерење на родово разделени показатели, број и процент на мажи и жени од вкупниот број на носители на субјектите (физички и правни)
Програмата е: ☒ Хоризонтална ☐ Вертикална
Потпрограми (компоненти) од Програмата:

Потпрограма 1: Обезбедување на соодветни информации за економските параметри од земјоделските стопанства	**Показател за успешност:** • извршен избор на репрезентативни 1.000 ЗС • реализирани 4 посети на терен • прибрани податоци од 1.000 дефинирани ЗС
Потпрограма 2: Обработка на информациите за економските параметри од земјоделските стопанства	**Показател за успешност:** • внес на податоците во информатичкиот систем од 1.000 ЗС

Б: План за спроведување на програмата ФАДН
Потпрограма 1: Обезбедување на соодветни информации за економските параметри од земјоделските стопанства

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси					
			Почеток (месец/година)	Крај (месец/година)	Човечки			Финансиски (МКД)		
					I год.	II год.	III год	I год.	II год.	III год
1. Избор на земјоделски стопансва за репрезентативен примерок согласно методологија	Национален координатор, Регионални координатори, Советодавци	Раководител на Сектор за ЗиРР, Координатор на групата за агроекономија, регионални координатори	01/2024 01/2025 01/2026	12/2024 12/2025 12/2026	70	85	95	/	/	/
